Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-435/4
10-10-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 435/1 од 22.08.2022 година, поднесена од [redacted] од Струмица, за извршена дискриминација Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020 година) на ден 10.10.2022 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08 – 435/1 од 22.08.2022 година, поднесена од лицето [redacted] за извршена дискриминација **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

### Образложение

Од страна на лицето [redacted] до претседателот на Република Северна Македонија г. Стево Пендаровски, била доставена претставка бр.12-59/1 а во врска со дискриминација по етничка припадност. Постапувајќи по Законот за постапување по претставки и предлози, а согласно чл.5 ст.2, на 22.08.2022 година претставката на 22.08.2022 беше доставена на наше надлежно постапување и истата во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација е заверена со архивски број 08-435.

Од причина што претставката не содржеше документи или прилози со кои се потврдуваат наводите од претставката за посочениот потенцијален дискриминатор, образложение на фактите и околностите врз кои се темели претставката и истата беше нејасна на ден 22.09.2022 година, Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до подносителот на претставка достави барање за доуредување на претставката бр. 08-435/3. Со барањето подносителот беше задолжена во рок од 8 дена од приемот на барањето да ја доуреди претставката, насока што ќе достави документи и прилози со кои се потврдуваат наводите од претставката за посочениот потенцијален дискриминатор.

На 10.10.2022 до архивата на Комисијата е добиена повратница со која што Комисијата утврди дека подносителот уредно го примил по пошта барањето за доуредување на претставката.

Согласно член 24, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Подносителот на претставката во законски предвидениот рок не ја доуреди претставката, следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Комисијата му посочува на подносителот на претставката дека доколку во иднина ги прибави сите потребни документи и прилози релевантни за поднесување на претставка, може повторно да поднесе претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Скопје
10.10.2022 година

ПРЕТСЕДАТЕЛ
Кире Василев

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на КСЗД